УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ

# БУНДОВСКИ

## ТОМЕ



## СКУЛПТУРИ

Декември 2003 - јануари 2004

Авторот Томе Бундовски во својот вешто разработен концепт во овој дваесет и трети по ред опус од неговото досегашно творење или претставување издвојува од сопствениот ликовен багаж дваесет и пет дела изведени во период од 2002/2003 години каде веднаш паѓаат во очи неколку различни фази или пристапи на уметничко создавање и воедно присутност на оваа ликовна сцена.

Неговата настроена тенденција носталгична, типична и препознатлива е здржана во волуминозноста на масата и поетичната раздвиженост на формите, која априори отфрла секаков обид или настојување да се приближи кон предметното, објектното, репликуваното, виртуелното, со нивните подвидови како ововременско ново, живо, свежо и која опстојува наспроти актуелните текови во уметноста.

Свесното понирање во праформите на богатата лепеза од апстрактното проседе како поле на делување и интерес на уметникот е во исто време синтеза на веќе евидентирани естетски вредности со неоспорна транспоненција на во/на презентноста. Сето тоа создава контрапункт на синтетизирана артефициелна референтност.

Целокупното редефинирање, со збиен психолошки набој, еклетицизам и монументалност ја детерминира ваквата ликовна дисциплина на скулптуралната претстава со нејзината иманентна провениенција која е олицетворена во самиот чин на незината постапка или материјализација.

Од друга страна авторовото емпириско доживување е прагматично транспонирано во низата профилирани и артикулирани ликови означени со поетски наслови кои претставуваат алегорија или глорификација на љубовта што ја создава во прв ред самата лирска компонента која ја обликува со помош на гестуалноста и изразноста на впишаните карактери или сеопшто дефинирани протагонисти на љубовните игри што се дел на поетска инспиративност на еден, во исто време имагинарно виден свет, како еден ликовен дискурс кој го препушта на контемплативната и егзалтирана реалност.

Викторија Попова

Авторот на овие дела, **Томе Бундовски** е роден во Скопје, 1953 година. Иако припаѓа на младата генерација ликовни творци, тој на ликовната сцена досега имал повеќе значајни остварувања, обликувани во обемен, претежно скулпторски опус.

Секое од неговите ликовни дела за себе претставува исклучително остварување. Во разните портрети, ликови, карактери обработени со модерен ликовен јазик доаѓаат до израз неговиот особен талент, сензибилитетот и зрелата скулпторска работа.

Завршил Академија за ликовна уметност во Скопје, 1984 година, во класата на Петар Хаџи Бошков. Бил на специјализација во Рим и Фиренца, на Академијата Belle Arte, во класата на професорот Бруно Либертаторе.

Досега отворил дваесетина самостојни изложби на скулптури, цртежи и слики во Македонија и Европа (Франкфурт, Рим, Белград, Сплит...). Учествувал на повеќе групни изложби како и на сите ДЛУМ-ови изложби на слики, цртежи и скулптури од 1984 година па навака.

Од неколкуте награди и признанија, како поважни би ги спомнал ДЛУМ-овите награди за скулптура „Димо Тодоровски" и „Јордан Грабул" и наградата за животно дело на симпозиумот во Прилеп за монументална парковска скулптура, што говори за мајсторските креации на Бундовски што не помина незабележано кај нашата ликовна публика и критика.

Член е на ДЛУМ од 1984 година, од кога има статус на слободен уметник.

Адреса: Михаил и Евтихиј бр. 15, 1000 Скопје

**ДЕЛА**

**1. Елегија, 2002,**
базалт, 49 x 28 x 14

**2. Теодора, 2002**
базалт 34 x 19 x 22

**3. Елегија, 2002**
меремер, 31 x 13 x 26

**4. Брачен пар, 2002**
мермер, 27 x 27 x 15

**5. Афродита, 2002**
полугранит, 42 x 14 x 24

**6. Изморена жена, 2002**
мермер, 14 x 50 x 14

**7. Разочараност, 2002**
мермер, 44 x 23 x 10

**8. Непознат, 2002**
мермер, 42 x 43 x 17

**9. Елегија, 2002**
базалт, 40 x 29 x 25

**10. Девојка, 2002**
гранит, 27 x 12 x 22

**11. Жртва, 2002**
базалт, 35 x 20 x 26

**12. Брут, 2003**
мермер, 37 x 30 x 14

**13. Сплетка, 2003**
мермер, 32 x 12 x 20

**14. Чекање, 2003**
базалт, 38 x 38 x 15

**15. Медитација, 2003**
базалт, 42 x 14 x 14

**16. Акт, 2003**
мермер, 45 x 18 x 11

**17. Портрет, 2003**
мермер, 21 x 15 x 10

**18. Сеќавање, 2003**
полугранит, 35 x 30 x 21

**19. Сон, 2003**
мермер, 29 x 29 x 18

**20. Егоистка, 2003**
полугранит, 58 x 20 x 32

**21. Фигура, 2003**
мермер, 37 x 17 x 9

**22. Сонување, 2003**
мермер, 20 x 40 x 19

**23. Жед, 2003**
полугранит, 44 x 31 x 18

**24. Поглед, 2003**
полугранит, 50 x 16 x 16

**25. Теодора, 2003**
полугранит, 42 x 14 x 22

Организација: Уметничка галерија, Скопје
Крушевска 1а, 1000 Скопје, Македонија
Тел. +389 (0)2 31 33 102 Факс +389 (0)2 31 26 856
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk

За издавачот: Златко Теодосиевски, директор
Организатор на изложбата: Коста Мартиновски
Печат:
Тираж: